Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 255, 1 јуни 2020 година

јуни 2020 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ..................... 3

РЕЦЕНЗИЈА НА РАКОПИСОТ „ИЛУМИНАЦИЈА ВО ЕНТЕРИЕР”ОД ПРОФ. Д-Р ПЕТАР НАМИЧЕВ,ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ..................... 11

ПРЕГЛЕД НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ..................... 14

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: проф. д-р Мишко Цидров, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска Атанасовска
Техничко уредување: Кире Зафиров
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-78/4 од 11.5.2020 година донесена на 16. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, одржана на 7.5.2020 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *пејзажна архитектура* на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **Д-р Катерина Деспот,** редовен професор на Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, **претседател**;
- **Д-р Петар Намичев,** редовен професор на Ликовна академија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член;
- **Д-р Тена Шијакова-Иванова,** редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 16.4.2020 година и во предвидениот рок се пријави:

1. Д-р Васка Сандева, вонреден професор на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

**Д-р Васка Сандева** е родена на 23.5.1982 година во Кочани, Република Северна Македонија.

Во 2005 година магистрира на Факултетот за екологија и пејзажна архитектура, специјалност Пејзажна архитектура на Шумарско-технички универзитет во Софија, Р. Бугарија. Докторира на истиот факултет во 2009 година, Факултет за екологија и пејзажна архитектура во Шумарско-технички универзитет во Софија, Р. Бугарија и се стекнува со титула доктор по пејзажна архитектура. Насловот на докторската дисертација е „Развојот на зелениот систем на град Скопје, Република Македонија - структурни и еколошки аспекти“.

Во 2018 година завршува постдокторски студии на тема „Уметнички принципи на паркова уметност како фактор за уредување на улиците во градовите на Република Македонија” на Шумарско-технички универзитет во Софија, Р. Бугарија.

Д-р Васка Сандева повеќе од 10 години се занимава со образовна дејност. Од 2010 година до денес е вработена на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Република Северна Македонија. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки од 2010 година е избрана во наставно-научно звање доцент, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки (бр. 1702-194/165 од 7.7.2015 год.) е избрана во наставно-научно звање вонреден професор по архитектонско проектирање и дизајн и пејзажна архитектура, со кое звање работи и тековно.

Предава на додипломските и постдипломски студии на ФПТН по група предмети: Елементи на проектирање, Проектирање 1, Историја и теорија на пејзажната архитектура, Дизајн на урбан простор, Планирање и одржување на зелените површини, Ентериер и екстериер, Процес дизајн итн.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор***

1. Вонреден професор од научната област во којашто се избира (се наведува кога и каде е избран во звање вонреден професор)

   Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип (бр. 1702-194/165 од 7.7.2015 год.) д-р Васка Сандева е избрана во наставно-научно звање вонреден професор по пејзажна архитектура и архитектонско проектирање и дизајн, во кое звање работи и тековно.

2. Објавени најмалку шест научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации

| Бр. | Автор/и | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina | Graphic line as composer of forms in interior and exterior design. | Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 5 (2). ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) | 2013/7 |
| 2 | **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina | Creativity development concept in industrial design | Innovation and entrepreneurship, 5 (3). ISSN 1314-9253 | 2014/6 |
| 3 | **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina | Art principles in park art as a factor for street landscaping in cites. | IXth International scientific conference on architecture and civil engineering ArCivE . ISSN 2367-7252 | 2000/10 |
| 4 | **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina | *The modern style in interior and exterior.* | Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 4 (1). pp. 72-79. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) | 2013/7 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Sandeva,Vaska and **Despot, Katerina** and Zlatev, Zlatin | *Education influence of artistic elements and principles on the street network.* | International Conference on Virtual Learning. | 2006/14 |
| 6 | Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** | *Articular principles as a strong street factor.* | Institute for Innovation and Entrepreneurship. ISSN 1314-9253 | 2014/6 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката од 2010 година и тековно е вработена на Ликовната академија при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип. Со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки во 2010 година е избрана во наставно-научно звање доцент, а со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки (бр. 1702-194/165 од 7.7.2015 год.) е избрана во наставно-научно звање вонреден професор, во кое звање работи и тековно. Од 2010 година и тековно проф. д-р Васка Сандева е вклучена во реализација на наставните активности на студиските програми Архитектура и дизајн на прв и втор циклус студии.

Проф. д-р Васка Сандева тековно е ангажирана во наставата како вонреден професор по следниве предмети на прв циклус студии: Елементи на проектирање, Ентериер и екстериер, Историја и теорија во пејзажна архитектура, Проектирање 1, Дизајн на урбан простор, Планирање и одржување на зелените површини - предавања и вежби.

На втор циклус студии по предметите: Дизајн на детска средина - ентериер и екстериер, Дизајн студио, Дизајн на ентериер и екстериер, Елементи на градската средина, Паркова архитектура.

Проф. д-р Васка Сандева во изминатиот период била рецензент за избор на соработници, член на комисија за одбрана на магистерски тези, ментор на триесетина одбранети дипломски работи, завршни испити и била член на повеќе комисии за одбрана на дипломски работи.

Кандидатката за потребите на студентите на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев"– Штип има издадено два учебника, три рецензирани скрипти и еден практикум, сите објавени во е-библиотека и на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев"– Штип и тоа:

1. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2019) Ентериер и екстериер. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје 72.012.5/.8(075.8) . ISBN 978-608-244-631-8

Книгата е замислена како наставен материјал доволен да го покрие вкупното градиво по предметот Ентериер и екстериер, наменет за студентите по архитектура и дизајн, но и за сите кои се занимаваат со концептите на дизајнот. Конципирана е на таков начин што ги дава насоките во ентериерниот и екстериерниот дизајн, професијата дизајнер, процесот на дизајнирање, краток осврт на дизајнерите во 21 век и некои од позначајните стилови на нашето време, планирањето на просторот, бојата во дизајнот, еко дизајнот и на крај кратка презентација за најзастапените техники на презентација кои се користат во дизајнот. Одредениот обем и структура создаваат јасна слика во воведот на дизајнирање на ентериерно и екстериерно пространство.

2. **Despot, Katerina** and Sandeva, Vaska (2019) Дизајн на мебел. Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски», Скопје 684.4:7.05(075.8) . ISBN 978-608-244-630-1

Во книгата се разгледуваат: творечкиот процес, практичните аспекти и ликовното изразување на дизајнот на мебел во целина. Се следи историскиот развој на мобилниот дизајн, поделба и класификација во развојот на мебелот. Детално се дава осврт на елементите и принципите во дизајнот и нивното влијание врз композицијата. Изборот на материјали како клучен фактор при создавањето на крајниот продукт. Во теоретскиот дел од книгата се посочени сите елементи од дизајнот кои треба да разбудат задоволство кај крајниот корисник на производот. Акцентот во теоретскиот дел е ставен врз формата како главен двигател во создавањето на дизајнот и е проследен целиот дизајнерски процес од анализа до детален дизајн.

3. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2014) Историја на пејзажната архитектура - скрипта. ISBN 978-608-244-055-2.
4. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2014) *Теорија на композиција во пејзажната архитектура.* Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски», Скопје 712.4(075.8). ISBN 978-608-244-056-9
5. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** *(2014) Индустриски дизајн -рецензирана скрипта.* ISBN 978-608-4708-83-4.
6. **Vaska Sandeva** (2014) *Историја и теорија во пејзажна архитектура – практикум.* ISBN: 978-608-244-144-3

Кандидатката има објавено повеќе трудови во списанија со меѓународен уредувачки одбор. Има учествувано на повеќе советувања, конгреси и симпозиуми со излагање на сопствени трудови во земјава и во странство. Учествува во реализација и на проекти.

***Список на печатени оригинални научни и стручни трудови во меѓународни списанија во последните пет години и нивна кратка елаборација:***

1. Sandeva, Vaska and Despot, Katerina (2017) Graphic line as composer of forms in interior and exterior design. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 5 (2). ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online)

Со овој труд се анализира дизајнот на внатрешниот и надворешниот простор каде што главен елемент е линијата која се јавува како композитор на формата. Резултатите се постигнати со помош на анализите во овој труд и се стигнува до заклучокот дека линијата е почетокот во секој дизајн т.е. корен од кој потекнува секој дизајн независно дали станува збор за внатрешен или надворешен простор. (9 поени)

2. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2017) Creativity development concept in industrial design. Innovation and entrepreneurship, 5 (3). ISSN 1314-9253

Целта на овој труд е дизајнот да се дефинира како активност која има за цел да го обликува производот на таков начин што ќе биде полесно и поекономично за производителот. Приносот на овој труд е постигнувањето на добро балансиран процес за индустрискиот дизајн од сите аспекти односно форма-функција-форма поткрепени со извесна креативност. (9 поени)

3. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2019) Art principles in park art as a factor for street landscaping in cites. IXth International scientific conference on architecture and civil engineering ArCivE. ISSN 2367-7252

Предмет на истражување во овој труд е зелениот систем како важна компонента од просторно-структурен и функционален дел од градските и приградските територии. Приносот на овој труд е во озеленувањето на патиштата и збогатувањето на животната средина од гледна точка на дизајнот на пејзажот на патиштата. (9 поени)

4. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2016) The modern style in interior and exterior. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 4 (1). pp. 72-79. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online)

Предмет на истражувањето е стилот и начинот на изразување во ентериерниот и екстериерниот дизајн. Авторите во овој труд го анализираат модерниот стил со сите негови карактеристики кои се разликуваат од останатите стилови во дизајнот. Се потврдува дека еден од најважните елементи во модерниот дизајн на ентериер и екстериер е формата, каде што е покажано дека модерниот дизајн е обичен и едноставен. (9 поени)

5. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina and Zlatev, Zlatin (2018) *Education influence of artistic elements and principles on the street network.* International Conference on Virtual Learning.

Ова истражување е направено на уличната мрежа како елемент на урбано и просторно планирање со цел да се покаже композицијата како фактор за решавање на естетиката врз зелениот систем на уличната мрежа. Се утврдува дека главните теоретски дела во парковата уметност се тесно поврзани со принципите на општата теорија на композицијата. (9 поени)

6. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2017) *Articular principles as a strong street factor.* Institute for Innovation and Entrepreneurship. ISSN 1314-9253

Целта на ова истражување е со посебен акцент на композицијата т.е. влијанието на елементите и принципите врз едно создадено дизајнерско дело, кое е комплексен интердисциплинарен предмет со широк спектар. Во случајот е направен особен принос врз уличната мрежа каде што е покажано дека тие се главни елементи на урбаниот пејзаж, а за нивно правилно функционирање и дизајнирање е неопходно познавањето на елементите и принципите, како компоненти за да се создаде еколошко единство. (9 поени)

2. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2017) Characteristics of ancient furniture correlated with Scandinavian modernism. Innovation and entrepreneurship, 5 (3). ISSN 1314-9253 (6 поени)
3. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2017) Application and transformation of traditional forms in contemporary interiors. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 5 (2). ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)
4. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2016) Application of industrial design in green areas. Applied Researches in Technics, Technologies and Education, 4 (1). pp. 79-87. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)
10. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2018) *Ecological and aesthetic parameters of park art as a factor for street landscaping in cities.* Innovation and Entrepreneurship, 6 (3). pp. 154-166. ISSN 1314-9253 (6 поени)
11. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2018) *Influence of park art on the development of modern park composition.* Innovation and Entrepreneurship, 6 (2). pp. 105-117. ISSN 1314-9253 (9 поени)
12. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2018) *Textile applied element in the interior.* Spisanie za tekstil, obleka, koza i tehnologija. ISSN 2535-0447 (3 поени)
13. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2017) *Bionika concept for design of furniture.* Innovation and Entrepreneurship, 5 (2). pp. 89-95. ISSN 1314-9253 (6 поени)
14. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2017) *The effect of lighting exterior and interior design.* Innovation and entrepreneurship, 5 (1). pp. 10-21. ISSN 1314-9253 (9 поени)
15. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2016) *Space, composition, vertical wall ...* XXV International conference management and quality for young scientists 2016. ISSN 978-619-160-679-5 (3 поени)
16. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2016) *Архитектонски завеси во простор причина за драматичност во простор.* First International Scientific Conference, FILKO, Philology, Culture and Education. pp. 817-825. ISSN 978-608-244-308-9 (2 поени)
5. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2016) *Application of optical illusion of modern interior and exterior.* XVIII International Scientific Conference, Managment and Sustainable Development. ISSN 1311-4506 (3 поени)

18. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2016) *Fluency of English art on exterior and interior.* XVIII International Scientific Conference, Managment and Sustainable Development. ISSN 1311-4506 (3 поени)
19. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina and Colakov, Dejan (2016) *Roof gardens as landscaping in modern times.* Applied Researches in Technics, Technologies and Education. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (9 поени)
20. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2016) *Texture as a means of reorganization of space.* Innovation and Entrepreneurship, 4 (4). pp. 12-21. ISSN 1314-9253 (9 поени)
21. Sandeva, Vaska and **Despot, Katerina** (2015) *Composition of futurism in landscape architecture.* 15th International Scientific Conference VSU 2015, 3 (3). pp. 23-28. ISSN 1314-071X (3 поени)
22. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2015) *Movement and rhythm in indoor and outdoor space indoor.* 15th International Scientific Conference VSU 2015, 3 (3). pp. 15-21. ISSN 1314-071X (3 поени)
23. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2015) *Industrial design in contemporary Scandinavian modernisam housing.* Faculty of Natural and Technical Sciences, 9 (1). pp. 367-377. ISSN 185-6966 (2 поени)
24. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina (2015) *Land Art – Art of Landscape.* Journal of the Faculty of Technics and Technologies, Trakia University, 3 (4). pp. 358-364. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (9 поени)
25. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2015) *Lighting as melodies residential objects.* Journal of the Faculty of Technics and Technologies, Trakia University, 3 (4). pp. 364-373. ISSN 1314-8788 (print), 1314-8796 (online) (6 поени)
26. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2015) *Artistic elements as the tools in the textile surfaces and upholstered furniture.* In: XXIV International scientific conference Management and Quality, May 2015, Ruse, Bulgaria. (3 поени)

Сите трудови на кандидатката се прикачени на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

***Учество во научноистржувачки проекти***

***Создавање на систем за специфични положби на седење во симфониски оркестар.*** (Одлука бр.0201-922/9 од 30.10.2018 година)

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Вонреден професор д-р Васка Сандева учествува во стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип од кои како позначајни се:

- член на Уредувачки одбор на научно списание во странство, Institute for innovation and entrepreneurship;
- член на Комисија за оценка на квалитетот на стручна редакција на книги/учебници;
- рецензент на учебници;
- активно учество во изготвување на студиски програми на 1 и 2 циклус студии на Факултетот за природни и технички науки и Ликовната академија.

***Член на универзитетски или факултетски органи и комисии и владини тела***

- Член на Универзитетскиот сенат при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
- Член на Наставно-научниот совет на Ликовната академија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;

- Член на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички работи, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
- Член е на организациски и научен одбор за меѓународно списание.

***Членство во научни мрежи, стручни платформи и бази на податоци:***

- UGDScholar (http://scholar.ugd.edu.mk/ Vaska.Sandeva)
- AcademiaEdu (https://ugd.academia.edu/ VaskaSandeva)
- ResearchGate (https://www.researchgate.net/profile/ VaskaSandeva)
- UGDAcademicRepository(http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/ Sandeva=3AVaska=3A=3A.html).

***Стручно-уметнички активности:***

1. Despot,Katerina and **Sandeva,Vaska** (2019) *Не-дефиниран урбанизам.* [Show/ Exhibition]
2. Despot, Katerina and **Sandeva, Vaska** (2018) *Professional – artistic exhibition, Undefined space.* [Show/Exhibition]
3. **Sandeva, Vaska** and Despot, Katerina and Dzingo, Aleksandar (2017) *Landscape considerations.* [Show/Exhibition]

Сите изложби на кандидатката се прикачени на е-репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

**З А К Л У Ч О К  И  П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа стекнато за време на своето работење и целокупната активност која е поврзана со научната област пејзажна архитектура, ***кандидатката*** д-р Васка Сандева **ги исполнува сите законски услови за** избор во звање редовен професор.

Согласно со претходно изнесените податоци, како и согласно со Законот за високо образование, Правилникот за критериуми и постапка за избор на наставно-научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и распишаниот Конкурс, д-р Васка Сандева во целост ги исполнува сите предвидени услови да биде избрана во звање редовен професор во наставно-научната област *пејзажна архитектура* на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

Врз основа на приложениот материјал, Рецензентската комисијата со задоволство му препорачува на **Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го усвои предлогот д-р Васка Сандева да биде избрана во звање редовен професор за наставно-научната област пејзажна архитектура на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и Одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување на изборот на кандидатот во наведеното звање.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Катерина Деспот,** редовен професор на Ликова академија,претседател, с.р.
**Д-р Петар Намичев,** редовен професор на Ликовна академија, член, с.р.
**Д-р Тена Шијакова-Иванова,** редовен професор на Факултет за природни и технички науки, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 4 | **Избор во звање доцент** | | 30 | | | 30 |
| 5 | **Избор во звање вонреден професор** | | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **70** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 4 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>реф.бр.<br>Прв автор 1, 2, 3, 4, 5, 6, 11, 14, 19, 20, 24<br>Втор автор 7, 8, 9, 10, 13, 25 | | | 11x9=99<br>6x6 =36 | | 135 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>реф.бр. 12, 15, 17, 18, 21, 22, 26 | | | 7 | 3 | 21 |
| 14 | Учесник во научен проект | 1 | 2 | | | 2 |
| 16 | Член на уредувачки одбор на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) | | | 1 | 1 | 1 |
| 26 | Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба) | 2 | 6 | 1 | 8 | 20 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **179** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 1 | Книга/учебник | 2 | 10 | | | **20** |
| 6 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 2 | 2 | | | **4** |
| 10 | Член на уредувачки одбор на стручно списание | | | 1 | 3 | **3** |
| 17 | Елаборати и експертизи | 4 | 2 | | | **8** |
| 27 | Член на универзитетски или владини тела | | | 5 | | |
| 28 | Член на факултетски орган, комисија | | | 2 | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **42** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **291** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ „ИЛУМИНАЦИЈА ВО ЕНТЕРИЕР"ОД ПРОФ. Д-Р ПЕТАР НАМИЧЕВ,ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1702-78/17 од 11.5.2020 г. од 16. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 7.5.2020 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- **Д-р Катерина Деспот,** редовен професор на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- **Д-р Васка Сандева,** вонреден професор на Ликовна академија при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ИЛУМИНАЦИЈА ВО ЕНТЕРИЕР" од проф. д-р Петар Намичев, наменет за студентите на втор циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот на учебникот е **„ИЛУМИНАЦИЈА ВО ЕНТЕРИЕР",** а предметот е со наслов Илуминација во ентериер, наменет е за I семестар, како изборен предмет, со неделен фонд на часови 4+2+1. Материјалот опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма на предметот. Илуминација во ентериер ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 213 страници, на А4 формат, со четири тематски поглавја и содржи 230 слики. Обемот на ракописот ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или со сличен наслов досега не е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 213 страници, поделен е во четири целини, каде што се опфатени сите просторни концепти на објекти од обласа на дизајн на ентериер.

Во првата глава се презентира историскиот развојот за значењето на осветлувањето во ентериерот. Притоа се опфатени намена на просторите кои биле со различна функција, во периодите на развојот на историјата на архитектурата од античкиот период до денес. Презентирани се простори кои имале првична намена за прикажување на одредени нормативи во начинот на осветлување на ентериерот, презентирани преку одредени примери на цртежи и илустрации. Прегледот во понатамошниот развој ги опфаќа историските периоди со појавата на модерните типови на светилки и осветлување на ентериерот, сè до модерниот пристап на илуминација на ентериери во периодот на 20 век, па до денес.

Во второто поглавје се опфатени параметрите кои влијаат на одредено ниво на осветлување. Во оваа категорија спаѓаат нивото на осветлување, одредување на рамномерноста и бојата при користење на светлината. Значаен фактор за оптималното осветлување претставува репродукцијата на бојата, одреден фактор на определување претставува распределбата на сјајноста, каде што може да се контролира ограничувањето на директниот блесок во осветлувањето на ентериерот. Во понатамошниот текст се опфатени ефектите од ограничувањето на рефлектираниот блесок, што подразбира задоволување на рефлексијата, преносливоста (дифузна, полудифузна), ефектот на рефракција, со што се овозможува и контрола на осветлувањето.

За постигнување на одреден оптимален квалитет на осветлувањето во ентериерот потребно е да се координира нивото на светло и сенка, каде што особено се води сметка за светлото при моделирањето на лицата и предметите. Основните светлосни системи, природното и вештачкото осветлување потребно е да се интегрираат и надополнуваат заради создавање на здрава и оптимална средина на корисниците на ентериерот. Кон дизајнот на илуминацијата во ентериерот од особено значење е естетскиот изглед на големиот број на стандардизирани модели на светилки, каде што се претставени најзначајните модели. Значаен фактор претставува и светлосното загадување на околината, кое е потребно да се анулира заради квалитетот на животната средина. Во втората глава особен акцент е посветен на дизајнот на осветлувањето, каде што се опфатени елементи кои влијаат за остварување на визуелниот квалитет од применетиот систем на осветлување, постоењето на различни системи на осветлување кои можат да се применуваат. Во понатамошниот ракопис опфатен е односот на архитектонскиот концепт, со одредени видови на површини за осветлување, каде што се применуваат соодветни концепти на осветлување (амбиентално, индиректно). Текстот содржи преглед на материјалите кои се применуваат при илуминацијата, кои влијаат и на балансот на осветлувањето. На тој начин се презентирани системите на интегрирање на светлечките тела во површините на ентериерното обликување.

Во третото поглавје се опфатени факторите кои влијаат на квалитетот на осветлувањето како биолошкиот и физичкиот фактор. Прегледот на функционалниот фактор се однесува, пред сѐ, на различните намени на ентериерот, кои имаат соодветни услови кои треба да се задоволат. Во ова поглавје се опфатени карактеристичните осветлувања на различните наменски простории од станбеното обликување на просторот (дневен престој, кујни, спални, бањи и сл.). Притоа се опфатени илуминацијата на административниот простор, како и просторите од областа на културата (библиотеки, музеи, галерии, концертни сали и сл.). Особено се опфатени простори со специфични услови за осветлување од областа на индустријата. Во ова поглавје се презентирани нормативите и карактеристиките на одредени системи од областа на угостителството (ресторани, барови и сл.), трговската намена на простори, болниците кои имаат посебни нормативите при нивното осветлување. Во третото поглавје се опфатени одредени согледувања околу примената на различни материјали и нивно деформирање, при што е значајно да се одреди односот помеѓу положбата на светилките и површините во просторот, при што треба да се формира и потенцира одредено значење на комбинацијата која се применува. Притоа се модифицира дистрибуцијата, интензитетот, сјајноста и дифузноста на површините, за да се создаде транспарентност на внатрешниот простор. Во оваа глава се опфатени согледувањата околу примената на  квалитетот на бојата, што е потребно за да се задоволи визуелната перцепција. Притоа се презентирани различни тоналитети на светло во комбинација со боја за различни намени на просторот на ентериерот во објектите.

Во четвртото поглавје се опфатени специфични модели на осветлување на просторот на ентериерот, каде што се презентирани типовите на светилки кои се применуваат, за да послужи за темелно согледување на моделите на осветлување, кои се поврзани со

различни стандардизирани светлечки тела. Материјалот од ова поглавје треба јасно да им овозможи на корисниците да ги согледаат практичните постапки за илуминација на различните типови на ентериер.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се наведени сите стандарди кои се применуваат во илуминацијата на просторите во ентериерот, нивниот развој, модели на светлосно покривање на површините во дизајнерското обликување на ентериерот.

На крајот од ракописот, авторот наведува 20 наслови на литература кои се користени при пишување на ракописот.

**З А К Л У Ч О К**

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека ракописот со наслов „**Илуминација во ентериер**” од авторот **проф. д-р Петар Намичев** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување според обемот кој е застапен за одреден период и ќе им биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на **Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис за учебник со наслов „Илуминација во ентериер”, пријавен од авторот проф. д-р Петар Намичев и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран учебник, а воедно да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип негово соодветно издавање.**

**Рецензенти**

**Д-р Катерина Деспот,** редовен професор, с.р.
**Д-р Васка Сандева,** вонреден професор, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ | | |
|---|---|---|
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Анализа на говорните чинови во литературните дела и нивниот превод од англиски на македонски јазик |
| | ***Одлука бр.*** | 1902-68/9 од 21.5.2020 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Марија Кусевска |
| | ***Кандидат*** | Ана Митева-Димоска |